СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08 - 3415/2
09.06.2025 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 16-тата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 09.06.2025 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 16 –тата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На оваа 16-та Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци присуствуваат 18 советници, 1 советник ќе ни се приклучи за кратко.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува.

Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините на свикување на вонредна седница по однос на единствена точка на дневниот ред.

1. Предлог - Одлука за давање согласност склучување на преддоговор за залог на хартии од вредност акции, договор за дар на акции за товор, односно налог.

Потенцирам дека истата е предложена заради реализација на претходно донесена одлука на ден 19.05.2025 година од страна на Советот на Општина Кавадарци со арх. бр.2893/30 со која се дава согласност за продажба на 2,03125 % изразени во 26 акции по номинална вредност од 10 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ, сопственост на Општина Кавадарци во АД ГФК Тиквеш 1930 АД Кавадарци.

Врз основа на образложението ве свикувам за гласање за оправданоста за причините за свикување на оваа 16-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за гласање. Кој е за. 1 против, останатите се за. 16 за, 1 против.

Со Решението за денешната седница имате добиено и Предлог Дневен ред за работата на седницата закажана за денес и тоа

согласно член 59 став 1 од Законот за Локална Самоуправа на вонредна седница не може да се менува дневниот ред, заради тоа предлагам да преминеме кон гласање на предложениот дневен ред. Ве молам кој е за вака предложениот дневен ред. 16 за, 1 против. И преминуваме кон разгледување на единствената точка од денешниот дневен ред. Тоа е:

1. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на преддоговор за залог од хартии во вредност акции, договор за дар на акции со товор, односно налог.

Тоа е единствената точка од денешната вонредна седница, 16-та на број. Ве молам за претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Повели Филип.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, претставници на клубот, Претседателе Масларков, колеги советници, медиуми, сограѓани. Преддоговорот или договорот како материјал го добивме, го прочитавме и јас имам два предлога во врска со овој договор, би сакал да ги кажам поради тоа што немаме можност нели да си ги кажиме своите ставови и мислења во врска со договорот на претходната координација која што беше организирана помеѓу новиот сопственик или како и да го наречам на ГФК. Јас читајќи го договорот нели акционерските друштва по Закон за трговски друштва имат Управен и Надзорен Одбор, гледам клаузула во делот на договорот во врска со Управен и Надзорен Одбор нема, па би сакал, првиот мој предлог е би сакал значи во тој Управен и Надзорен Одбор што би требело нели да биде како таков во рамките на ГФК да се вметне клаузула дека членови, мнозинството членови во тој Управен и Надзорен Одбор за работењето и функционирањето на ГФК Тиквеш ќе биде мнозинство од нели, од Општина Кавадарци, односно еминентни фудбалски работници кои што би ја знаеле и ја знаат работата во делот на фудбалот и спортот и со тоа сметам дека ќе се воспоставе некаква, итекаква контрола за работењето на новите сопственици, нели веќе ако сакаме да немаме никакви ризици од тоа, во кои насоки и во кој правец ќе се движе работењето на ГФК и исто сакам да дадам и друг предлог во однос на овој договор, значи точно сега во кој член не се сеќам, меѓутоа во самиот договор пишува дека новиот инвеститор е должен годишно да инвестира по еден милион евра 5 години, со можност на продолжување на договорот за плус 5 години со тоа што нели по 66 000 евра еднакви рати на месечно ниво би уплаќал на сметката на ГФК Тиквеш за непречено функционирање сакам во

договорот исто така да дадам предлог да влезе клаузула во која што во висина на милион евра самиот инвеститор би ставил банкарска гаранција дека тој своите обврски према ГФК ќе ги исполнува во целост и сметам дека со тоа ќе бидеме заштитени и како Совет и како Општина и како Градоначалник, дека инвеститорот тие пари ќе ги инвестира, а доколку не ги инвестира таа банкарска гаранција, нели да биде активирана за да може ГФК Тиквеш да функционира непречено. Тоа се моите два предлога кои што сакам да влезат нели во записникот и да се стават на гласање како такви, дали би биле издржани или не и со тоа мислам дека итекако ќе се подобрат условите на самиот договор и ризиците кои што ќе ги намалиме во делот на функционирање од страна на новиот инвеститор во ГФК Тиквеш. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи Советниче твоите предлози може да ги доставиме до адвокатската канцеларија што го приготвува овој договор и во самиот договор што ни е даден, еве во член број 6, каде што се гаранциите на дародавачите, тука е спомнато дека во однос на мнозинството за Управен и Надзорен, во однос на првото ваше размислување, значи ни сега само на денешната седница му ги продаваме акциите, а Статутот отпосле, му ги даруваме, Статутот отпосле ќе биде тема на разговор во однос на самото разгледување на клубот, така да во тој случај тогаш може да се разговара за зголемување на бројот на Управен, Надзорен, каде што тука пише дека за оваа цел даропримачот се обврзува во рок од 30 дена од денот на запишување на акциите, опишани со член 1 од овој договор на негово име да предложи и донесе измени на Статутот на АД ГФК Тиквеш 1930 АД Кавадарци со кој ќе биде предвидена одредба дека одлуката за промена на името на ГФК Тиквеш 1930 може да се донесе, не, не ама кога ќе се внесува, кога ќе се прави Статутот во втора фаза, тогаш може да влезат како мотив на разгледување на твоите предлози.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Значи мојот предлог е мнозинството членови на Управен и Надзорен Одбор да бидат предложени од Советот и од Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред, ама денеска не е таа тема. Тоа кога ќе дојде Статутот да биде на дневен ред, тогаш може да го правиме, сега, денеска ја правиме првата отскочна даска до реализација на самиот план.

имат, тие командат, да не се занесуваме дека ние со 49% ќе бидиме, него адвокатот ако ги вметне овие другите работи што ги викаме ни пенали, да не заштитат, инаку со 51% тие што бара, сака да команде, да не се занесуваме дека ни ќе командаме, него ни немаме некоја друга комбинација ваа е најповолна досега и го правиме овој потег да биде таков. Е тоа да го дискутираме. Адвокатите, тие нотари тоа ќе го турат и на готово ќе го гледаме договорот, инаку ни сега да се убедуваме дека ни ќе бидиме над газдата, нема да бидиме, 51% секој бара да има апсолутно власт и да команде, значи да не сме во заблуда и нормална работа е дали ни ќе имаме Управен Одбор тројца, он двајца, он команде, тија што има 51% команде, али тука е за позитивна работа ради тоа што нашите можности се толку, човекот инвестира пари и ни треба да го прифаниме како такво, а дека сме начисто, дека се е ок, не е ок.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Не се согласувам уопшто дека нашите можности се толку, мене страшно ме нервира таа импотентност од страна на институциите, особено од Општината и особено од Општина Кавадарци, само во насока на документирање на случајот, заради тоа што очекувам натаму да има развој на ситуацијата, би сакал да кажам дека иделошки сум против распродажба на јавните добра и заради тоа ќе гласам против оваа одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Почитувани колеги точката ја ставам на гласање. Кој е за. 15 за. 2 против. 1 воздржан. Во ред. Со тоа е исцрпен дневниот ред на 16-тата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци. Се гледаме на редовната седница на 20-ти јуни.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов